Еден човек го праша Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем: „‚Кога ќе настапи Часот (Судниот ден)?‘ Тој му одговори: ‚А што си подготвил за него?‘

Енес, Аллах нека е задоволен со него, раскажува: Еден човек го праша Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем: „‚Кога ќе настапи Часот (Судниот ден)?‘ Тој му одговори: ‚А што си подготвил за него?‘ Човекот рече: ‚Ништо, освен што го сакам Аллах и Неговиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем.‘ Тогаш пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, му рече: ‚Ќе бидеш со оној кого го сакаш.‘ Енес вели: ‚Ништо не нè израдува толку, колку зборовите на пратеникот, салаллаху алејхи ве селем: Ќе бидеш со оној кого го сакаш.‘ Потоа додаде: ‚Го сакам пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, Ебу Бекр и Омер, и се надевам дека ќе бидам со нив поради мојата љубов кон нив, иако не ги достигнав нивните дела.‘“

[متفق عليه] [صحيح]

Еден бедуин го праша Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем: „Кога ќе настапи Часот (Судниот ден)?“ Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, му одговори со прашање: „А што си подготвил за него од добрите дела?“ Човекот рече: „Немам многу добри дела, освен тоа што го сакам Аллах и Неговиот пратеник.“ Не спомна други ибадети – ниту срцеви, ниту телесни, ниту материјални, бидејќи сите тие произлегуваат од љубовта, а искрената љубов е поттик за посветеност на добрите дела. Тогаш Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, му рече: „Ќе бидеш во Џенетот со оној кого го сакаш.“ Асхабите многу се израдуваа на оваа радосна вест. Енес, Аллах нека е задоволен со него, рече: „Го сакам пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, Ебу Бекр и Омер, и се надевам дека ќе бидам со нив, иако моите дела не се како нивните.“

http://www.sunnah.global/hadeeth/mk/show/3087